**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАНАЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 13.06.2022 година

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дванаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 13.06.2022 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Единаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Единаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за примање донација од Здружение за земјоделски развој "Национална федерација на фармери" - Скопје;
2. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (плански период 2021-2026);
4. Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2022 година;

5. Предлог - Одлука за одобрување на извештај од спроведена функционална анализа за донесување на акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Гази Баба;
6. Предлог - Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба;
7. Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот и определување на име на фискултурна сала во ООУ "Кирил и Методиј", Стајковци; и
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање донација од Здружение за земјоделски развој "Национална федерација на фармери" - Скопје.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.06.2022 година.

Претставникот од Здружението за земјоделски развој "Национална федерација на фармери" - Скопје - **Виданка Мартиновска**, се обрати пред советот и ја образложи донацијата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање донација од Здружение за земјоделски развој "Национална федерација на фармери" - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.06.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата (со исправки на технички грешки) ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (плански период 2021-2026).**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.06.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Стојка Долиќоска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (плански период 2021-2026), со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2022 година, со **25 гласа "ЗА".**

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на извештај од спроведена функционална анализа за донесување на акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ), Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставниците од

општинската администрација: Секретар на општина - Невенка Стаменковска Стојковски и Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на извештај од спроведена функционална анализа за донесување на акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Гази Баба, со **18 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ), Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Пенка Чудо (коалиција предводена од СДСМ) и претставниците од општинската администрација: Секретар на општина - Невенка Стаменковска Стојковски и Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гази Баба, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот и определување на име на фискултурна сала во ООУ "Кирил и Методиј", Стајковци.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.06.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - д-р Билјана Крстевска (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање на предлогот и определување на име на фискултурна сала во ООУ "Кирил и Методиј", Стајковци, со **25 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дванаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:15** часот.

**Број 09-4180/2**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот